ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово тел. 044 330 800 e-mail: revizija@bend.com.mk

# ИЗВЕШТАЈ

# ЗА

## АНГАЖМАН ЗА УВЕРУВАЊЕ ВО ПОСТАПКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ЗДЕЛКА СО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА НА АД ЕВРОПА Скопје

*Април 2023*

**СОДРЖИНА**

| Опис | Страна |
|---|---|
| Изјава од овластениот ревизор | 3 |
| 1. Извештај на независниот ревизор за разумно уверување | 4 |
| 1.1. Идентификување и опис на информациите за предметната материја – Предмет на зделката со заинтересирана страна | 4 |
| 1.2.Идентификување на критериумите според која е оценета предметната материја | 7 |
| 1.3. Методи на вреднување | 9 |
| 1.4. Инхерентни ограничувања | 10 |
| 1.5. Одговорност на менаџментот | 11 |
| 1.6. Одговорност на ревизорот | 11 |
| 1.7. Изјава дека ангажманот е усогласен со МСАУ 3000 | 12 |
| 1.8. Резиме на извршената работа – Извршени процедури и извори кои се користени за утврдување на релевантните податоци кои се предмет на анализа | 13 |
| 1.9. Изјава за независност и компетентност | 14 |
| 1.10. Специфични ограничувања кои влијаеа на заклучокот | 14 |
| 1.11. Суштински прашања утврдени од наша страна | 14 |
| 1.12. Фактори на ризик | 14 |
| 2. Заклучок | 15 |

Прилози:

- Предлог Одлука за голема зделка со заинтересирана страна ФЕРШПЕД АД Скопје
- Критериумите и методите на вреднување при дефинирање на зделката од одговорната страна.

**ИЗЈАВА ОД ОВЛАСТЕН РЕВИЗОР**

**Јас Апостоловски Душко, Овластен ревизор вработен во Бенд Ревизија и Консалтинг ДОО Тетово, под полна (материјална, морална и кривична) одговорност изјавувам дека немам конфликт на интереси со АД ЕВРОПА Скопје и дека во последните три години не сум давал консултантски услуги на АД ЕВРОПА во смисла на Правилникот за подетално пропишување на условите и потребната документација за исполнување на условите за овластен ревизор кој дава мислење во постапка за одобрување на зделка со заинтересирана страна.**

**Изјавил:**

**Тетово 10,04,2023** **Душко Апостоловски**

ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово тел. 044 330 800 e-mail: revizija@bend.com.mk

# ИЗВЕШТАЈ ЗА АНГАЖМАН ЗА РАЗУМНО УВЕРУВАЊЕ ВО ПОСТАПКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ЗДЕЛКА СО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА

**До**

**Собранието на акционери на**
**АД "ЕВРОПА" Скопје**

## 1. Извештај на независниот ревизор за разумно уверување

Ние бевме ангажирани од АД ЕВРОПА Скопје за да извршиме Ангажман за разумно уверување и да издадеме заклучок во врска со одобрување на голема зделка со заинтересирана страна според Предлог Одлуката за Годишното собрание на акционери за 2023 година за одобрување на голема зделка со заинтересирана страна (во понатамошниот текст – Зделката со заинтересирана страна).

### 1.1. Идентификување и опис на информациите за предметната материја - Предмет на зделка со заинтересирана страна

АД ЕВРОПА Скопје остварува деловна соработка со ФЕРШПЕД АД Скопје при што АД ЕВРОПА Скопје ќе врши набавка на стоки (суровини, амбалажа, канцелариски материјали, исхрана на вработени, гориво за возила и дел од ХТЗ опрема) и услуги во вредност од околу 317.250.000,00 денари,.

АД ЕВРОПА Скопје се јавува како продавач на производи од сопствената програма на ФЕРШПЕД АД Скопје во износ од 2.000.000,00 денари и како давател на позајмица во износ од 5.000.000,00 денари или вкупна вредност од 7.000.000,00 денари.

Вкупната вредност на зделката изнесува 324.250.000,00 денари.

Според содржината оваа зделка со заинтересирана страна според член 460а точка (1) од Законот за трговските друштва претставува кумулативна вредност на меѓусебни поврзани зделки. Оваа зделка според последните ревидирани годишни финансиски извештаи претставува 29,97 % од вредноста на активата на друштвото значи надминува 10% од активата.

Воедно со оглед на тоа што вредноста на зделката изнесува над 20% од сметководствената вредност на имотот на друштвото, определена според последните финансиски извештаи на друштвото ова е истовремено и голема зделка на која се применуваат одредбите од Законот за трговски друштва што се однесуваат на голема зделка со заинтересирана страна.

- Забелешка: според ревидираните ФИ на АД ЕВРОПА Скопје износот на активата по ФИ за 2022 година изнесува 1.081.814.721,00 денари

Временската точка за која се однесува оценката или мерењето на зделката е со датумот на Одлуката за одобрување на голема зделка со заинтересирана страна, а временскиот период на кој се однесува зделката е период од една година.

Според содржината оваа зделка претставува кумулативна вредност на меѓусебно поврзани идни зделки. Конкретната голема зделка со заинтересирана страна која е предмет на одобрување содржи перспективни финансиски информации предвидени со Планот на Друштвото.

## Табеларниот преглед на зделката е во продолжение:

– Висина на трансакции

| I „ЕВРОПА" АД како купувач на стоки и услуги | Вредност 2023 | % |
|---|---|---|
| **1. Набавка на материјали** | ***317.250.000,00*** | |
| 1.1. Набавка на Материјали | 282.000.000,00 | 86,97% |
| 1.2. Набавка на трговска стока | 500.000,00 | 0,15% |
| 1.3. Транзит услуги | 5.100.000,00 | 1,57% |
| 1.4. Маркетинг услуги | 4.150.000,00 | 1,28% |
| 1.5. Услуги за превоз и манипулација | 7.200.000,00 | 2,22% |
| 1.6. Услуги за извоз | 600.000,00 | 0,19% |
| 1.7. Гориво | 1.000.000,00 | 0,31% |
| 1.8. Организирана исхрана | 16.700.000,00 | 5,15% |
| **Вкупно** | **317.250.000,00** | **97,84%** |
| **II „ЕВРОПА" АД како продавач на стоки и услуги** | **Вредност 2023** | **%** |
| **2. Продажба** | ***7.000.000,00*** | |
| 2.1. Производи на Европа АД | 2.000.000,00 | 0,62% |
| 2.2. Заем | 5.000.000,00 | 1,54% |
| **Вкупно** | **7.000.000,00** | **2,16%** |
| **СЕ ВКУПНО ВРЕДНОСТ НА ЗДЕЛКАТА** | **324.250.000,00** | **100,00%** |
| **Вкупна актива според билансот на состојба од 31.12.2022** | **1.081.814.721,00** | |
| **% од активата** | **29,97%** | |

Во споредбениот преглед во продолжение се дадени остварените зделки помеѓу двете друштва и други поврзани страни во 2022 и 2021 година на годишно ниво, како и нивниот процент во однос на активата на друштвото според ревидираните финансиски извештаи за претходната година.

Остварените зделки помеѓу двете друштва и други поврзани страни во 2021 и 2022 година на годишно ниво, идентификуваните промени, како и нивниот процент во однос на активата на друштвото според ревидираните финансиски извештаи се во продолжение:

**Трансакции со поврзани страни според Ревидираните Финансиски извештаи за 2021 и 2022 година**

| во илјада денари | 2022 | 2021 |
|---|---|---|
| **Побарувања од продажба на производи, стоки и услуги** | | |
| - Европак 2012 ДОО Скопје | 15 | 1 |
| - Фершпед АД Скопје | 778 | 1.325 |
| | **793** | **1.326** |

ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово тел. 044 330 800 e-mail: revizija@bend.com.mk

**Трансакции со поврзани страни според Ревидираните Финансиски извештаи за 2021 и 2022 година - продолжение**

| во илјада денари/година | 2022 | 2021 |
|---|---|---|
| **Обврски за набавка на производи, стоки и услуги** | | |
| - Европак 2012 ДОО Скопје | 6.719 | 4.707 |
| - Фершпед АД Скопје | 3.099 | 1.341 |
| | **9.818** | **6.048** |
| **Продажби на производи, стоки и услуги** | | |
| - Европак 2012 ДОО Скопје | 16 | - |
| - Фершпед АД Скопје | 2.014 | 1.716 |
| | **2.030** | **1.716** |
| **Набавки на производи, стоки и услуги** | | |
| - Европак 2012 ДОО Скопје | 13.244 | 13.174 |
| - Фершпед АД Скопје | 21.608 | 11.843 |
| | **34.852** | **25.017** |
| **Побарувања за позајмици** | | |
| - Европак 2012 ДОО Скопје | - | - |
| - Фершпед АД Скопје | - | - |
| | **-** | **-** |
| **Обврски за позајмици** | | |
| - Европак 2012 ДОО Скопје | 115 | - |
| - Фершпед АД Скопје | - | - |
| | **115** | **-** |
| **Приходи од камати** | | |
| - Европак 2012 ДОО Скопје | - | - |
| - Фершпед АД Скопје | 25 | - |
| | **25** | **-** |
| **Расходи од камати** | | |
| - Европак 2012 ДОО Скопје | 115 | - |
| - Фершпед АД Скопје | - | - |
| | **115** | **-** |
| Актива според ревидирани финансиски извештаи | **1.081.815** | **1.091.626** |
| **Големина на зделки со поврзани субјекти во илјада денари** | | |
| - Европак 2012 ДОО Скопје | 13.375 | 13.174 |
| - Фершпед АД Скопје | 23.647 | 13.559 |
| **Големина на зделки со поврзани субјекти во % според ревидираните финансиски извештаи за претходната година** | | |
| - Европак 2012 ДОО Скопје | 1,23% | 1,27% |
| - Фершпед АД Скопје | 2,17% | 1,31% |

Собранието на акционери на ЕВОПА АД Скопје на 6 декември 2022 година има донесено Одлука за одобрување на зделка со заинтересирана страна ФЕРШПЕД АД Скопје. Со одлуката е одобрено ЕВРОПА АД Скопје да склучува зделки со ФЕРШПЕД АД Скопје во вкупен износ од 101,550 илјади денари, а до одржување на наредното собрание на акционери кое е планирано да се одржи во месец мај 2023 година.

Нефинансиските информации како што се: Процедурата за набавка во рамки на ЕВРОПА АД Скопје,(прибирање на понуди при секоја набавка, избор на најповолен понудувач од страна на Еврпа АД Скопје, известување до Фершпед АД за процесот, избор на најповолен понудувач во рамки на Европа АД Скопје, централизирано следење на процесот на набавка и погодностите во однос на условите за плаќање), се предмет на поголеми инхерентни ограничувања, отколку финансиските информации и даваат повеќе квалитативни карактеристики на оваа постапка и методите за утврдување на вредноста на зделката.

## 1.2. Идентификација на критериумите според која е оценета предметната материја:

– Висина на трансакции

| I „ЕВРОПА" АД како купувач на стоки и услуги | Вредност 2023 | % | Критериум |
|---|---|---|---|
| **1. Набавка на материјали** | ***317.250.000,00*** | | |
| 1.1. Набавка на Материјали | 282.000.000,00 | 86,97% | Според Прибирање на понуди од страна на секторот за набавка на Европа АД и известување до Фершпед за избор на најдобра понуда |
| 1.2. Набавка на трговска стока | 500.000,00 | 0,15% | Според Прибирање на понуди од страна на секторот за набавка на Европа АД и известување до Фершпед за избор на најдобра понуда |
| 1.3. Транзит услуги | 5.100.000,00 | 1,57% | Според Прибирање на понуди од страна на секторот за набавка на Европа АД и известување до Фершпед за избор на најдобра понуда |
| 1.4. Маркетинг услуги | 4.150.000,00 | 1,28% | Според Прибирање на понуди од страна на секторот за набавка на Европа АД и известување до Фершпед за избор на најдобра понуда |
| 1.5. Услуги за превоз и манипулација | 7.200.000,00 | 2,22% | Според Прибирање на понуди од страна на секторот за набавка на Европа АД и известување до Фершпед за избор на најдобра понуда |
| 1.6. Услуги за извоз | 600.000,00 | 0,19% | Според Прибирање на понуди од страна на секторот за набавка на Европа АД и известување до Фершпед за избор на најдобра понуда |
| 1.7. Гориво | 1.000.000,00 | 0,31% | Не повисоко од максимално утврдената од страна на регулаторна комисија за енергетика |
| 1.8. Организирана исхрана | 16.700.000,00 | 5,15% | Според Прибирање на понуди од страна на секторот за набавка на Европа АД и известување до Фершпед за избор на најдобра понуда |
| **Вкупно** | **317.250.000,00** | **97,84%** | |
| **II „ЕВРОПА" АД како продавач на стоки и услуги** | **Вредност 2023** | **%** | **Критериум** |
| **2. Продажба** | ***7.000.000,00*** | | |
| 2.1. Производи на Европа АД | 2.000.000,00 | 0,62% | Според калкулација на Европа АД и Прибирање на понуди од страна на секторот за набавка на Фершпед АД |
| 2.2. Заем | 5.000.000,00 | 1,54% | Не повисоко од просечна камата на соодветни кредити од деловните банки |
| **Вкупно** | **7.000.000,00** | **2,16%** | |
| **СЕ ВКУПНО ВРЕДНОСТ НА ЗДЕЛКАТА** | **324.250.000,00** | **100,00%** | |
| **Вкупна актива според билансот на состојба од 31.12.2022** | **1.081.814.721,00** | | |
| **% од активата** | **29,97%** | | |

ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово тел. 044 330 800 e-mail: revizija@bend.com.mk

**Идентификација на критериумите според која е оценета предметната материја – продолжение по делови на зделката:**

| КРИТЕРИУМ | 2023 % | Извор |
|---|---|---|
| Според Прибирање на понуди од страна на секторот за набавка на Европа АД и известување до Фершпед за избор на најдобра понуда | 86,97% | Договори и постапка за набавка за избор на најсоодветна понуда |
| Според Прибирање на понуди од страна на секторот за набавка на Европа АД и известување до Фершпед за избор на најдобра понуда | 0,15% | Договори и постапка за набавка за избор на најсоодветна понуда |
| Според Прибирање на понуди од страна на секторот за набавка на Европа АД и известување до Фершпед за избор на најдобра понуда | 1,57% | Договори и постапка за набавка за избор на најсоодветна понуда |
| Според Прибирање на понуди од страна на секторот за набавка на Европа АД и известување до Фершпед за избор на најдобра понуда | 1,28% | Договори и постапка за набавка за избор на најсоодветна понуда |
| Според Прибирање на понуди од страна на секторот за набавка на Европа АД и известување до Фершпед за избор на најдобра понуда | 2,22% | Договори и постапка за набавка за избор на најсоодветна понуда |
| Според Прибирање на понуди од страна на секторот за набавка на Европа АД и известување до Фершпед за избор на најдобра понуда | 0,19% | Договори и постапка за набавка за избор на најсоодветна понуда |
| Не повисоко од максимално утврдената од страна на регулаторна комисија за енергетика | 0,31% | Службен весник на РСМ |
| Според Прибирање на понуди од страна на секторот за набавка на Европа АД и известување до Фершпед за избор на најдобра понуда | 5,15% | Договори и постапка за набавка за избор на најсоодветна понуда |
| Според калкулација на Европа АД и Прибирање на понуди од страна на секторот за набавка на Фершпед АД | 0,62% | Договори и постапка за набавка за избор на најсоодветна понуда |
| Не повисоко од просечна камата на соодветни кредити од деловните банки | 1,54% | Народна Банка на РСМ |
| **Пазарни цени и надворешни докази** | **100,00%** | |

Критериумите и карактеристиките се однесуваат само на елементите на деловите од оваа зделка и корисниците за кој е наменет извештајот.

Критериумите се дискутирани со комуникација по електронска пошта со дел од малцински акционери по метода на примерок.

### 1.3 Методи на вреднување

Во Предлог Одлуката на ЕВРОПА АД Скопје Скопје се користени анализи и извори на информации и се употребени следните методи на вреднување:

| ОПИС НА МЕТОДОТ | ИЗНОС МКД |
|---|---|
| 1) - Метода на вреднување - Споредбени пазарни цени во однос на други понудувачи, оценети од одделот за набавка на АД ЕВРОПА Скопје, како составен дел на одлуката за зделка со заинтересирана страна. Со ваквиот пристап е добиена вредност за зделката од. | 324.250.000 |
| 2) Метода на вреднување - според структура на набавените материјали во 2022 година и планираните износи за 2023 година. Со ваквиот пристап е добиена просечна вредност за зделката од: | 321.815.008 |
| 3. - Метода на вреднување - % на трошоци за набавка на материјали во однос на приходи и расходи од оперативно работење. Со ваквиот пристап е добиена вредност на зделката од | 324.257.524 |

5) Врз основа на користените методи на вреднување, добиената вредност за предвидената зделка се движи помеѓу 321.815.008,00 и 324,257,524,00 денари.

6) Сите 3 употребени методи се значајни и релевантни, но заради можната флуктуација на цените на материјалите и услугите, износот на зделката е утврден согласно со точка 7 во продолжение.

7) За определување на крајниот износ е користен критериумот за утврдување на вредноста врз основа на Споредбени понудени пазарни цени, оценката од одделот за набавка на АД ЕВРОПА Скопје за најсоодветен понудувач, регулирани пазарни цени од Регулаторна комисија за енергетика за гориво, според планираните вредности по однос на поединечните делови на зделката, кога ЕВРОПА АД Скопје се наоѓа во улога на купувач и според калкулација на ЕВРОПА АД Скопје во услови кога ЕВРОПА АД Скопје се наоѓа во улога на продавач и меѓубанкарски каматни стапки СКИБОР зголемена за еден процентен поен за секој ден доцнење при давање на позајмица.

Процедурата за набавка во рамки на ЕВРОПА АД Скопје е следна:

За суровините пред секоја набавка се доставува барање за понуда до добавувачите кои работат со бараната суровина, материјал или услуга. Понудите се собираат и се доставува табела со споредбени цени до Фершпед АД Скопје со предлог за најповолна понуда . Се одбира најконкурентната понуда и порачката се прави по маил во кој е дадена количината и цената. Кај суровините кои се тешко заменливи односно каде нема повеќе опции со цел да се добие стандарден производ се даваат максимални напори да се испреговара најдобра можна цена. Се носат најсоодветни одлуки во кој период која количина да се нарача со цел да се постигне најниска можна цена и се известува Фершпед АД Скопје.

За амбалажата од сите печатници се собираат понуди односно сите печатници со кои соработуваме даваат ценовници а за работа се одбира печатницата која дала најниска цена за конкретната ставка. Доколку има промена на цени кај некоја печатница ценовникот се ревидира и повторно се одбира најповолниот добавувач. Согласно барањата од продажба и тековната залиха во магацин кога има потреба од нарачка, нарачката се пушта по маил со дефинирана количина и цена.

Во маилот за порачка се ставени и претпоставените лица од Европа како и одговорните лица во Фершпед. Согласно новите тројни договори испораката се врши во фабрика Европа додека фактурирањето е на Фершпед а потоа Фершпед префактурира на Европа. Фершпед кон Европа префактурира по иста цена по која добавувачот фактурира кон Фершпед односно Европа ја добива истата цена по која е договорена набавката. Во прилог на фактурата од Фершпед кон

Европа секогаш е доставена и фактурата од добавувачот а цените мора да бидат исти. Цените во фактурите се контролираат и во Фершпед и во Европа врз база на доставените ценовници од добавувачите односно врз база на цената по која е потврдена нарачката а количината која се прима ја контролира и потврдува магационерот. Потпишаната и потврдената фактура од страна на набавна служба заедно со приемот потпишан од магационерот се доставуваат на книжење во финансии.

Со ваквиот пристап вредностите на зделката се следни :

– Висина на трансакции

| **I „ЕВРОПА" АД како купувач на стоки и услуги** | **Вредност 2023** | **%** |
|---|---|---|
| **1. Набавка на материјали** | ***317.250.000,00*** | |
| 1.1. Набавка на Материјали | 282.000.000,00 | 86,97% |
| 1.2. Набавка на трговска стока | 500.000,00 | 0,15% |
| 1.3. Транзит услуги | 5.100.000,00 | 1,57% |
| 1.4. Маркетинг услуги | 4.150.000,00 | 1,28% |
| 1.5. Услуги за превоз и манипулација | 7.200.000,00 | 2,22% |
| 1.6. Услуги за извоз | 600.000,00 | 0,19% |
| 1.7. Гориво | 1.000.000,00 | 0,31% |
| 1.8. Организирана исхрана | 16.700.000,00 | 5,15% |
| **Вкупно** | **317.250.000,00** | **97,84%** |
| **II „ЕВРОПА" АД како продавач на стоки и услуги** | **Вредност 2023** | **%** |
| **2. Продажба** | ***7.000.000,00*** | |
| 2.1. Производи на Европа АД | 2.000.000,00 | 0,62% |
| 2.2. Заем | 5.000.000,00 | 1,54% |
| **Вкупно** | **7.000.000,00** | **2,16%** |
| **СЕ ВКУПНО ВРЕДНОСТ НА ЗДЕЛКАТА** | **324.250.000,00** | **100,00%** |
| **Вкупна актива според билансот на состојба од 31.12.2022** | **1.081.814.721,00** | |
| **% од активата** | **29,97%** | |

Критериумите и методите на вреднување при дефинирање на зделката се во прилог на овој извештај.

## 1.4. Инхерентни ограничувања - ограничувања кои постојат заради неможност да се влијае и контролира вкупниот деловен амбиент, ефективност на интерните контроли и слично.

- Отсутноста на перфектен пазар, воспоставена пракса за споредба за различни, но прифатливи техники за мерење може да резултира со материјално различно вреднување и може да влијае на споредливоста.

- Според содржината оваа зделка претставува кумулативна вредност на меѓусебно поврзани идни зделки. Конкретната голема зделка со заинтересирана страна која е предмет на одобрување содржи перспективни финансиски информации предвидени со Планот на Друштвото. Заради ваквата состојба дури и да се случат настаните кои се предвидени со хипотетичките претпоставки во однос на предвидената зделка , сепак фактичките резултати веројатно ќе се разликуваат од проекцијата бидејќи други предвидени настани не се случуваат како што се очекува (флуктуација на цената на материјалите, производите и услугите).

- Флуктуација на цената на материјалите, производите и услугите 2022 и на почетокот на 2023 година

ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово тел. 044 330 800 e-mail: revizija@bend.com.mk

- Пандемијата предизвикана од вирусот ковид 19 и воените дејствија во Украина, силно влијае на понудата и побарувачката како и на цената на материјалите, производите и услугите, заради што фактичките резултати веројатно ќе се разликуваат од проекцијата бидејќи други предвидени настани не се случуваат како што се очекува (флуктуација на цената и физички обем на производство во однос на влијанието на пандемијата предизвикана од вирусот ковид 19 и воените дејствија во Украина.)

## 1.5. Одговорност на менаџментот

Страните корисници на зделката се обелоденети во Предлог одлуката за одобрување на голема зделка со заинтересирана страна.

Заинтересираните страни во зделката се обелоденети во Заклучокот на Одборот на директори од 06.02.2023 и Известувањето на Членовите на Одборот на директори од 06.02.2023 година како Известувањето на Одборот на директори до собранието од 06.02.2023 врз основа Законот за трговските друштва.

Менаџментот на ЕВРОПА АД Скопје е одговорен за подготовка на Предлог Одлуката за одобрување на голема зделка со заинтересирана страна во согласност со критериумите на Законот за трговските друштва и Законот за хартии од вредност, а посебно дека:

- зделката со заинтересирана страна е во согласност со важечките прописи во земјата
- зделката со заинтересирана страна е фер односно вредноста на зделката е утврдена според пазарните услови во согласност со важечките прописи во земјата
- во зделката со заинтересирана страна не постои несразмерност во заемните давања на страните
- во зделката со заинтересирана страна не постојат некои други факти и околности кои би можеле да претставуваат основ за причинување на штета
- во досегашните финансиски извештаи на ЕВРОПА АД Скопје реално се прикажани врските и зделките со заинтересирани страни
- од согледаните ризик фактори при реализирање на предметната зделка со заинтересирана страна не постојат индикации од аспект на можна измама и манипулација

Одговорноста вклучува и селекција и примена на соодветните методи и критериуми за подготовка на предлогот за уверување и употреба на претпоставките и проценките на индивидуалната одржливост на заклучоците во рамки на дадените околности. Одговорноста вклучува и дизајнирање и имплементација на системи и процеси релевантни за подготовка на предлогот.

## 1.6. Одговорност на ревизорот

**Наша одговорност е да спроведеме ангажман за разумно уверување со цел да дадеме заклучок врз основа на нашата работа врз основа на нашите постапки за тоа :**

- дали зделката со заинтересирана страна е во согласност со важечките прописи во земјата,

- дали зделката со заинтересирана страна е фер односно дали вредноста на зделката е утврдена според пазарни услови,

- дали постои несразмерност во заемните давања на страните,

- дали постојат и некои други факти и околности кои би можеле да претставуваат основ за причинување на штета,

- дали во досегашните Финансиски Извештаи на друштвото реално се прикажани врските и зделките со заинтересирани страни,

ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово тел. 044 330 800 e-mail: revizija@bend.com.mk

- дали и какви ризик фактори постојат при реализирање на предметната зделка со заинтересирана страна, особено од можна измама и манипулација.

- да дадеме Препорака до малцинските акционери дали да ја подржат зделката со заинтересирана страна согласно со Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и формата на мислењето што овластениот ревизор го дава во постапката за одобрување на зделка со заинтересирана страна кај акционерско друштво чии хартии од вредност котираат на берза (Сл. Весник на РМ 182/2015 и 91/2021)

Ние ја извршивме нашата работа во согласност со меѓународниот стандард за уверување 3000 врз основа на добиените податоци до 10,04,2023 година. Овој стандард бара од нас да ги исполниме етичките барања и да го планираме и извршиме ангажманот за разумно уверување врз основа на материјалните аспекти за да го изразиме нашиот заклучок за ангажманот за уверување за тоа дали зделката во сите материјални аспекти е во согласност со критериумите на Законот за трговските друштва и Законот за хартии од вредноста како и да дадеме препорака до малцинските акционери дали да ја подржат зделката со заинтересирана страна.

Нашиот извештај е изготвен со цел да им помогне на акционерите на ЕВРОПА АД Скопје да ја оценат валидноста на Предлог Одлуката во однос на одобрување на голема зделка со заинтересирана страна врз основа на тврдењата на одговорната страна.

Овој Извештај вклучувајќи го и заклучокот, е подготвен за целите на усогласеност со рамката за трансакции со поврзани страни на ЕВРОПА АД Скопје. Ние не прифаќаме или превземаме одговорност кон никој друг освен кон акционерите на ЕВРОПА АД Скопје .

## 1.7. Изјава дека ангажманот е усогласен со МСАУ 3000

Овој извештај е изготвен во согласност со Меѓународниот стандард за уверување (МСАУ 3000), ангажмани за уверување кои не се ревизии или проверка на историски информации, кои се издадени од страна на Одборот за меѓународни стандарди за ревизија и уверување, одредбите од членот 455, 456 став 6 и 460-а став 2 а в.в. со став 3 од Законот за трговски друштва и Правилникот за содржината и формата на мислењето што овластениот ревизор го дава во постапка за одобрување на зделка со заинтересирана страна кај акционерско друштво чии акции котираат на берза (Сл. Весник на РМ 67/2013)и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и формата на мислењето што овластениот ревизор го дава во постапката за одобрување на зделка со заинтересирана страна кај акционерско друштво чии хартии од вредност котираат на берза (Сл. Весник на РМ 182/2015 и 91/2021)

Овој извештај се однесува на изнесеното во Предлог Одлуката за одобрување на голема зделка со заинтересирана страна по однос на точка на дневниот ред од Годишното Собрание на акционери за 2023 година и не се однесува на работењето на Компанијата како целина.

## 1.8. Резиме на извршената работа - Извршени процедури и извори кои се користени за утврдување на релевантните податоци кои се предмет на анализа

Во согласност со рамката на нашиот ангажман при нашата работа покрај другото ги спроведовме следните процедури и ги користевме следните извори на податоци:

- Интервју на повисокиот менаџмент, одговорен за подготовка на Предлог Одлуката за издржаност на зделката со заинтересирана страна.

- Интервју на одговорните лица за одредени делови на Предлог Одлуката за издржаност на зделката со заинтересирана страна.

- Увид и анализа на декларираните износи во Предлог Одлуката за одобрување на голема зделка со заинтересирана страна.

- Утврдување на процент на износот на зделката со заинтересирана страна согласно со член 460а точка (1) од Законот за трговски друштва во однос на активата на друштвото определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи.

- Увид и утврдување во однос на тоа дали во досегашните Финансиски Извештаи на Командитното друштво со акции реално се прикажани врските и зделките со заинтересирани страин врз основа на ревидираните финансиски извештаи за 2022 година.

- Преглед и анализа на склучени договори помеѓу АД ЕВРОПА Скопје и ФЕРШПЕД АД Скопје кои се релевантни за Зделката со заинтересирана страна која е предмет на одобрување.

- Утврдување на вредноста на Зделката со заинтересирана страна според утврдените критериуми, по делови и целосно врз основа на тестирање според метода на примерок согласно со член 460а од Законот за трговските друштва, бидејќи станува збор за кумулативни вредности на меѓусебни поврзани зделки.

- Увид и анализа на добиените податоци од деловниот план на АД ЕВРОПА Скопје за 2023 година за вредноста на зделката со заинтересирана страна според Предлог одлуката за одобрување на зделка со заинтересирана страна.

- Увид во постапките за набавка по поедини материјали и услуги извршени во текот на 2022 година.

- Комуникацијата преку електронска пошта со дел од малцинските акционери од 06.04.2023 до 07.04.2023 по однос на критериумите, карактеристиките и вреднувањето на зделката

- Увид и анализа на Записник од 06.02.2023 година Одбор на директори на АД ЕВРОПА Скопје

- Увид во Заклучокот на Одборот на директори од 06.02.2023 и Известувањето на Членовите на Одборот на директори до собранието на АД ЕВРОПА Скопје од 06.02.2023 година.

- Увид во салда и трансакции со поврзани страни прикажани во финансиските извештаи на друштвото за 2022 година.

- Увид во Извештај на ревизорите на Финансиските извештаи за 2021 и 2022

- Анализа на флуктуацијата на цената на материјалите и услугите во 2022 година

- Аналитички и суштински постапки на проверка на податоците за остварени меѓусебни трансакции и набавки на материјали и услуги од други субјекти во 2022 година.

- Конфирмација на меѓусебните побарувања и обврски

- Известување за непостоење на судски спорови во врска со зделката со заинтересирана страна

- Увид во Записник за сторен прекршок од извршен посреден надзор на објавување на зделки со заинтересирани страни како ценовно чувствителни информации од 28,02,2020 година на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија

## 1.9. Изјава за независност и компетентност

Нашиот ангажман го извршивме во согласност со Кодексот на етика на професионалните сметководители.
Ние потврдуваме дека нашиот ангажман го извршивме согласно со меѓународниот стандард за уверување 3000.

## 1.10. Специфични ограничувања кои влијаеа на заклучокот

Не постојат било какви специфични ограничувања кои влијаеле на формирање на заклучокот.

**1.11. Суштински прашања** утврдени од наша страна, кои се однесуваат на конкретната зделка:

- Во текот на нашата работа утврдивме дека во Република Северна Македонија е ограничена конкуренцијата во однос на постоење на друг поединечен субјект со можност за комплетно опслужување со материјали во транзит на АД ЕВРОПА Скопје по исти услови и вредности понудени од поединечните добавувачи во процесот на прибирање на понуди, процесирани од набавната служба на АД ЕВРОПА Скопје.

Вреднувањето и цените и висината на вредноста на набавките се условени од следните фактори:

- Карактеристики на производите, матеијалите и услугите
- Постапка за набавка од страна на Набавната служба на ЕВРОПА АД Скопје
- Испораката во фабрика Европа од страна на добавувачите, додека фактурирањето од страна на добавувачот да се врши на Фершпед а потоа Фершпед да префактурира на АД Европа Скопје.
- Фершпед АД кон АД Европа префактурира по иста цена по која добавувачот фактурира кон Фершпед АД односно АД Европа ја добива истата цена по која е договорена набавката.
- Поставените барања на АД ЕВРОПА Скопје за соодветна координација и неприфаќање на пореметување во координацијата во работата, чекање, губење на работното време, зголемување на трошоците на производите.
- Набавка на гориво од мрежата на ФЕРШПЕД АД Скопје по регилирани цени.

## 1.12. Фактори на ризик

Врз основа на извршените процедури при ангажман за разумно уверување, во однос на зделката која е предмет на одобрување на Годишното Собрание на акционери за 2023 на АД ЕВРОПА Скопје можен ризик фактор претставува непридржувањето до утврдените процедури за набавка согласно со деловната политика на АД ЕВРОПА Скопје.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашиот заклучок.

## 2. Заклучок

Според наше мислење врз основа на извршените процедури при ангажман за разумно уверување, како што е опишано погоре, во однос на Предлог Одлуката за голема зделка со заинтересирана страна која е предмет на одобрување на Годишното собрание за 2023 на АД ЕВРОПА, базирана на тврдењата на одговорната страна, зделката е објективно искажана во сите материјални аспекти, а особено што:

- Зделката со заинтересирана страна е во согласност со важечките прописи во земјата.
- Зделката со заинтересирана страна е фер, односно вредноста на зделката е утврдена според пазарните услови кои се во согласност со важечките прописи во земјата.
- Не постои несразмерност во заемните давања на страните.
- Не постојат некои други факти и околности кои би можеле да претставуваат основ за причинување на штета.
- Во досегашните Финансиски извештаи на АД ЕВРОПА се реално прикажани врските и зделките со заинтересирани страни и ревизорите на финансиските извештаи изразиле мислење без резерва по однос на истите.
- Не постојат ризик фактори при реализирање на предметната зделка со заинтересирана страна, особено од аспект на можна измама и манипулација, освен изнесените во точка 1,12 погоре.

Врз основа на претходното ние даваме препорака до малцинските акционери на друштвото да ја поддржат зделката на седницата на Собранието на акционери, која одлука дополнително претставува услов за склучување на оваа зделка и делегирање на надлежност за реализација на зделката на Извршниот директор на Друштвото.

Препораката произлегува од погоре изнесеното, а во врска со одредбата од член 3 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и формата на мислењето што овластениот ревизор го дава во постапка за одобрување на зделка со заинтересирана страна кај акционерско друштво чии хартии од вредност котираат на берза (Сл. Весник на РМ 182 од 21 октомври 2015 година и 91/2021) и се изведува заклучок дека зделката е во согласност со императивните прописи на националното законодавство и истата е фер утврдена според пазарните услови и дадени околности во сите материјални аспекти, посебно поради настапување на одложениот услов - целосно спроведување на постапката за голема зделка со заинтересирана страна согласно со законските прописи, од кое одобрување зависи постоењето на целата зделка.

Овој заклучок со препорака ние го базираме не само раководејќи се од образложението на управителот, туку посебно врз основа на критериумите за утврдување на вредноста на зделката и тоа посебно заради критериумот за утврдени цени за транспортни услуги на деривати од страна на Регулаторна комисија за енергетика и споредливите цени за извршени услуги и продажби на добра на други купувачи и фактот дека предметот на зделката е утврден и возможен и извршлив во услови на одобрување - потврдување на зделката, заради реализација на предметната зделка.

Истовремено нашиот заклучок, без присуство на елементите на измама, заблуда и присила, а со цел да им послужи на акционерите за одлучување за одобрување на оваа зделка со заинтересирана страна, произлегува и од увид во последните ревидирани финансиски извештаи во кои се содржани врските и зделките со заинтересирани страни, како и од спроведените суштински постапки по определените делови од реализираните зделки со заинтересирана страна и извршените набавки на материјали и услуги во 2022 година.

ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово тел. 044 330 800 e-mail: revizija@bend.com.mk

## Нагласување на прашање

Ние обрнуваме внимание на точка 1.1. од овој извештај, Предмет на зделката со заинтересирана страна. Според содржината оваа зделка со заинтересирана страна претставува кумулативна вредност на меѓусебно поврзани идни зделки. Сакаме да Ви обрнеме внимание дека оваа зделка содржи идни финансиски информации предвидени со Планот на друштвото, без да го менуваме заклучокот.

Тетово 10.04.2023
Овластен ревизор
Душко Апостоловски

Бенд Ревизија и Консалтинг ДОО Тетово
Управител
Душко Апостоловски